Државен завод
за статистика

80 години

# Проектни активности во ДЗС

## Јули - септември 2025 година

БИЛТЕН
за активности од проекти

Скопје, 2025 година

Во рамки на Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2022, во третиот квартал од 2025 година се реализираа неколку експертски мисии и студиски посети во соработка со неколку европски заводи за статистика. Овие активности беа насочени кон унапредување на статистичките процеси, зголемување на усогласеноста со европските стандарди и зајакнување на капацитетите на Државниот завод за статистика. Во продолжение следи краток преглед на реализираните мисии и консултации:

## Експертска мисија за надворешна трговија со услуги

На 24 и 25 септември 2025 година, се одржа експертска мисија за статистика на меѓународна трговија со услуги (ITSS), со поддршка од Статистичкиот завод на Чешка. Главна цел на мисијата беше проверка и валидирање на податоците од кварталната пилот-анкета за 2024 година, која претставува нов пристап по долг период на прибирање податоци на годишно ниво. Експертот ги презентира најдобрите методолошки практики за обработка на податоци ITSS, со фокус на оценката на процесите за обработка, идентификацијата на потенцијалните неконзистентности и финалната подготовка на резултатите за доставување до Евростат. Како клучен исход од мисијата, пилот-податоците беа детално разгледани и усогласени со европските стандарди, со што беа потврдени квалитетот и доверливоста на новиот квартален систем за известување.

## Експертската мисија за подготвување инвентар за АРС и оценка на усогласеноста со регулативата ИЕСС

Во периодот 5–7 август 2025 година, се одржа експертската мисија за подготовка на инвентар за Анкетата на работната сила (АРС). Мисијата беше насочена кон оценување на тековната состојба и работниот процес поврзан со спроведувањето на АРС, со цел обезбедување целосна усогласеност со европските регулативи, вклучувајќи ги Регулативата (ЕУ) 2019/1700 и Регулативата (ЕУ) 2019/2240. Во текот на активноста се спроведе детална анализа на постојните практики за прибирање, обработка и дисеминација на податоците, беа идентификувани можни отстапувања од стандардите на EU-LFS, како и потребните подобрувања во методологијата и инструментите. Како клучен резултат, експертската поддршка овозможи изработка на сеопфатен инвентарски извештај со преглед на моменталната имплементација на регулативата ИЕСС, гап-анализа, табела со утврдени отстапувања и јасни, применливи препораки за понатамошно усогласување на националната АРС со европските барања.

## Експертска мисија за статистики за водите

Во периодот 14–16 јули 2025 година, во Скопје, се одржа експертска мисија за статистика за водите, предводена од словенечкиот експерт Мојца Житник. Целта на мисијата беше да се прегледа и анализира состојбата на статистиката за водите во ДЗС, да се идентификуваат празнините во податоците и да се подготви основа за усогласено и целосно пополнување на меѓународните прашалници JQ-IW и REQ. Во текот на трите дена беа анализирани сите три постојни анкети (VOD.1, VOD.2 и VOD.3), со детални препораки за ревизија на прашалниците, подобрување на обемот и квалитетот на податоците, како и оптимизирање на опфатот на известувачките единици. Мисијата резултира со подготвени нацрт-верзии на новите прашалници, инструкции за пополнување на меѓународните табели, како и со експериментално пополнување на дел од JQ-IW за референтната година 2024. Заклучокот на мисијата потврди дека МАКСТАТ веќе обезбедува значителен дел од потребните податоци, но е неопходно дополнително проширување на некои извори и воспоставување поинтензивна институционална соработка, особено со Министерството за животна средина и Хидрометеоролошкиот завод, за целосно усогласено и навремено меѓународно известување.

БИЛТЕН за активности од проекти

Во третиот квартал од 2025 година, во рамките на твининг-проектот „Подобрување на квалитетот и сеопфатноста на статистиката за животната средина и здравствените статистики“, финансиран од ЕУ, беа спроведени неколку активности за јакнење на капацитетите и усогласување со европските стандарди. Проектот го реализираат ДЗС и ISTAT, во соработка со италијански партнери. Во продолжение следат прегледи на реализираните состаноци и мисии:

## Трет состанок на Управниот комитет

На 3 јули 2025 година, во просториите на ДЗС, се одржа третиот состанок на Управниот комитет на твининг-проектот „Подобрување на квалитетот и сеопфатноста на статистиката за животната средина и здравјето“. На состанокот беше направена проценка на досегашниот напредок на активностите и беше одобрен четвртиот ревидиран работен план.

## Мисија за унапредување на статистиката за цените во земјоделството

Од 16 до 18 јули 2025 година, експерти од Италијанскиот национален институт за статистика (Istat) работеа заедно со колегите од ДЗС на подобрување на статистиката за цените во земјоделството. Во рамките на мисијата започна дизајнот на нова, кориснички ориентирана алатка, која овозможува лесна и контролирана пресметка на индексот на цените во земјоделството (API).

## Мисија за примерок

Од 16 до 18 јули 2025 година се одржа мисија на која се ревидира стратегијата за примерок за првата фаза од Европското истражување за здравјето во домаќинствата (EHIS). Анализирани беа ограничувањата и прецизноста на примерокот, како и предностите и недостатоците на едностепениот и двостепениот избор на примерокот, односно изборот на индивидуи или домаќинства како примерочни единици.

## Мисија за индикаторите за животната средина

Од 23 до 25 јули 2025 година, експерти од Istat работеа со тимот на ДЗС на унапредување на квалитетот и бројот на индикаторите за животната средина. Во рамките на мисијата беше завршено мапирањето на постојните индикатори и беа идентификувани нови индикатори кои може да се произведуваат врз основа на расположливите извори. Експертите од Istat ја презентираа и методологијата за изработка на табели со трендови според меѓународната методолошка рамка.

## Обука за алатките SDMX

Од 3 до 5 септември се одржа обука за SDMX на која, покрај вработени од ДЗС, присуствуваа и претставници од Народната банка и Министерството за финансии. Целта на обуката беше зајакнување на капацитетите за користење на SDMX-инфраструктурата за управување со чувањето и доставата на податоци до Евростат.

## Годишна конференција по повод една година од Твининг-проектот

На 18 септември 2025 година, во хотелот „Holiday Inn" во Скопје, успешно се одржа конференцијата по повод една година од почетокот на твининг-проектот „Подобрување на квалитетот и опфатот на статистиките за животна средина и здравствените статистики" (МК 22 IPA ST 01 24), финансиран од Европската Унија. Настанот беше организиран од Државниот завод за статистика во соработка со проектните партнери од Италијанскиот национален институт за статистика (Istat) и други институции од Италија.

Конференцијата ја отвориja Н.Е. Паоло Палминтери, амбасадор на Република Италија во Северна Македонија, г. Штефен Худолин, раководител на Секторот за соработка при Делегацијата на Европската Унија и г. Дејан Станков, директор на Државниот завод за статистика. Во рамките на панел-дискусијата „Модернизација на официјалната статистика за европска интеграција" беа разменети искуства и перспективи со експерти од Италија (Istat), Словенија (SURS), Албанија (INSTAT) и Италијанското географско друштво (SGI).

Презентирани беа досегашните резултати од спроведувањето на проектот – успешно се реализирани 17 од планираните 60 мисии, како и четири студиски посети во подготовка. Настанот ја истакна важноста на меѓународната соработка, модернизацијата на статистичките процеси и изградбата на силен, ефикасен и транспарентен статистички систем усогласен со стандардите на Европската Унија.

## Мисија за развој на GIS-модул за Пописот на земјоделството

Во периодот од 15 до 19 септември 2025 година се одржа успешна и продуктивна експертска мисија. Тимот на ДЗС, составен од експерти за земјоделство, ГИС и ИТ, заедно со Роберто Бјанкини и Флоријан Ника од Италијанското географско друштво (SGI), работеше на развој на GIS, мониторинг и модул за известување во рамките на апликацијата CAPI за претстојниот Попис на земјоделството.

Во текот на мисијата беа разгледани можностите за интегрирање на GIS-компонента преку платформата Survey Solutions за поефикасно управување со теренската работа.

Дополнително беа дефинирани клучните индикатори за мониторинг и беше подготвена патеката со следни чекори за понатамошен развој на системот.

Мисијата претставува пример за одлична соработка и значителен чекор кон понапредни дигитални решенија на статистиката за земјоделството.

## Мисија за унапредување на демографската статистика

Од 22 до 26 септември 2025 година, тимот за демографија и ИТ на Државниот завод за статистика соработуваше со експертот г. Данило Доленц, поранешен демограф од Статистичкиот завод на Словенија. Главната цел беше оценување на квалитетот на административните извори што ќе се користат за пресметка на годишните податоци за вообичаено живо население. Во активностите активно учествуваа и претставници од ПИОМ и Министерството за дигитална трансформација, со фокус на подобрување на институционалната координација и квалитетот на податоците.

## Мисија за развој на сметките за водите

Од 24 до 26 септември 2025 година, во рамки на истиот проект, експертите од Италијанскиот национален институт за статистика (Istat), Симона Рамберти и Стефано Терсини, заедно со тимот на ДЗС за статистика за животна средина, започнаа со мапирање на достапните извори на податоци за експериментална изработка на водниот биланс и физичките компоненти на сметките за водите. Ова претставува прв чекор кон воведување нова методологија за водење на сметките за водите, а понатамошните активности ќе продолжат во ноември во соработка со дополнителни институции и натамошно унапредување на официјалната статистика според европските стандарди.

## Студиска посета за модернизација на статистиката за земјоделство

Од 29 септември до 3 октомври 2025 година, во рамките на твининг-проектот, се одржа студиска посета од Италијанскиот национален институт за статистика (Istat) посветена на модернизација на статистиката во земјоделството. Тимот на ДЗС, составен од експерти за статистиката на земјоделството и подготовка на Пописот на земјоделството, се приклучи на презентациите и работните сесии заедно со колеги од Istat, CREA (Consiglio per la ricerca in agricoltura e l'analisi dell'economia agraria) и Министерството за земјоделство на Италија (MASAF), запознавајќи се со системот на статистиката за земјоделството во Италија.

Размената на искуства и добри практики беше плодотворна, а следните чекори ќе продолжат во Скопје, каде што македонските експерти ќе работат заедно со италијанските колеги на унапредување на статистиката на земјоделството во нашата земја. Настанот ја

истакна важноста на меѓународната соработка и на примената на модерни методи и дигитални алатки за собирање и анализа на податоци за земјоделството.